Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-314/3
17.06.2021 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА
за отфрлање на претставка како неуредна

На 10.12.2019 г до **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација** од ваша страна преку - кабинет на председателот на Република Северна Македонија е доставена претставка во која не е наведен потенцијален дискриминатор, заведена под бр. 08-314/1, по основ на ,, еднаквост на граѓаните и правото на еднаква плата за еднаков труд" заради сторена дискриминација во пристап до еднакви плати во судската администрација.

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон.

Согласно чл. 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот. Доколку претставката не ги содржи овие елементи или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката, што во вашиот случај рокот е надминат што се гледа од датумот на прием на повратница која е примена на ден 31.05.2021 г.

Со оглед на тоа дека во предметната претставка подносителот не е наведен и е непознат и нема наведено адреса на која може да се достави известување за доуредување, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка како неуредна.**
**Прилог:**
**Копија - Повратница**

**Скопје**
17.06.2021

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Скопје